**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**
# Panadol Femina/ Панадол Фемина
**филм обложени таблети**

**Ве молиме внимателно прочитајте го ова упатство затоа што содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се набавува без лекарски рецепт, но за да се постигнат најдобри резултати сепак Панадол Фемина таблетите треба внимателно да се употребуваат.
- Чувајте го ова упатство, можеби ќе треба повторно да го прочитате.
- Доколку Ви се потребни дополнителни информации, прашајте го Вашиот доктор или фармацевт.
- Треба да се консултирате со доктор доколку симптомите Ви се влошат или не дојде до подобрување по 10 дена користење кај возрасни, односно по 3 дена кај деца

Panadol Femina/ Панадол Фемина
(*Paracetamolum + Hyoscini butylobromidum)*
500 mg + 10 mg, филм обложени таблети

**Состав**
1 филм обложена таблета содржи
Активна супстанца

| | |
|---|---|
| Парацетамол | 500 мг |
| Хиосцин бутилбромид | 10 мг |

и ексципиенти:
Целулозни микрокристали, компиров скроб, повидон К30, сорбитол, талк, магнезиум стеарат, силициумов колоиден анхидрид, натриум скробен глуколат, хипромелоза, макрогол 6000

**Пакување**
Единечно пакување содржи 10 таблети

**Носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
GlaxoSmithKline. Exp. Ltd London, UK – Претставништво Скопје, Р. Македонија

***Ова упатство содржи:***

1. *Што е* Panadol Femina *и за што се употребува*
2. *Проверете пред да земете* Panadol Femina *таблети*
3. *Како се земаат* Panadol Femina *таблетите*
4. *Можни несакани ефекти*
5. *Како да се чуваат* Panadol Femina *таблетите*
6. *Дополнителни информации*


## 1. *Што претставуваат Panadol Femina таблетите и за што се употребуваат?*

Panadol Femina филм обложените таблети содржат парацетамол и хиосцин бутилбромид. Парацетамолот се упоребува за смирување на болка и треска.

Хиосцин бутилбромидот ги намалува грчевите во гастроинтестиналниот и урогениталниот тракт.

Panadol Femina се користи во профилаклса и третман на смптоми на:
- дисменореја
- бубрежни колики, хепатални колики
- синдром на надразнети црева

## 2. *Проверете пред да земете Panadol Femina таблети*

**Неземајте Panadol Femina таблети:**

- ако некогаш сте имале алергиска реакција на било која состојка на препаратот,
- тешки оштетувања на црниот дроб (најчесто кај пациенти со болести на црниот дроб поврзани со користење алкохол) или тешки бубрежни оштетувања,
- алкохолизам,
- анемија или вроден недостаток на гликоза-6-фосфат дехидрогеназа (фавизам),
- миастенија (мускулна слабост),
- глауком,
- хиперплазија на простатата која резултира со задршка на урината,
- стеноза на гастричниот тракт,
- тахикардија

**Посебно водете сметка со Panadol Femina**

Овој лек треба да се користи внимателно и со медицинска консултација кај:
- пациенти со гастроезофагеален рефлукс и други хронични пореметувања на моторните активности на мазните мускули во горниот дел на гастричниот тракт или пилорна стеноза,
- пациенти со интестинални улцерации (чирови) (може да се намали моторната функција и да предизвика запек),
- пациенти со пореметувања на работата на срцето (митрална стеноза или срцева болест),
- кај повозрасните пациенти лекот може да предизвика пореметувања поврзани со работењето на централниот нервен систем, ксеростомија - сува уста и посебно кај мажите задршка на урината,
- пациенти со оштетувања на бубрезите или црниот дроб

Кај лицата кои гладуваат или редовно консумираат алкохол постои особено висок ризик од оштетување на црниот дроб.
Терапијата би требало да се прекине и да се побара медицинска помош во случај пациентите да пријават пореметувања на остринатa на видот или болки предизвикани од зголемен очен притисок.
Треба да се избегнува конзумирање на алкохол при користењето на Panadol Femina.
Истовремена употреба на лекови кои содржат парацетамол (ацетаминофен) е контраиндицирана, бидејќи претставува потенцијална опасност од предозирање.
Помалку од 5% од пациентите алергични на дериватите на ацетилсалицилна киселина можат да бидат алергични и на парацетамол.

***Бременост***
*Прашајте го Вашиот лекар за совет пред да земете било каков лек.*

**Panadol Femina** филм обложеите таблети не треба да им се даваат на бремени жени, освен ако лекарот не процени дека korиста од земањето на лекот е поголема од потенцијалниот ризик за фетусот.

***Доење***
*Прашајте го Вашиот лекар за совет пред да земете било каков лек.*

Лекот не треба да го користат жени кои дојат.

***Возење и управување со машини***
Panadol Femina филм обложените таблети можат да предизвикаат симптоми поврзани со функционирањето на централниот нервен систем, како и да ја пореметат акомодацијата, така што пациентите треба да бидат предупредени да не возат и да не управуваат со машини кои се движат.

***Земање на други лекови***

Ве молиме известете го својот доктор ако земате или неодамна сте земале било какви други лекови, вклучувајќи и лекови кои се издаваат без рецепти.

- Парацетамолот ја подобрува активноста на антикоагулантите од групата кумарини и индандиони и го потенцира дејството на кофеинот.
- Метоклопрамидот ја забрзува, а скополаминот ја забавува апсорпцијата на парацетамолот во гастроинтестиналниот тракт.
- Салициламидот го продолжува времето на елиминација на парацетамолот.
- Парацетамолот земен истовремено со инхибитори на моноаминооксидаза (МАО) може да предизвика хиперекситација и силна треска.
- Доколку се користат паралелно со парацетамолот, рифампицинот, антиепилептичките лекови, лековите за спиење како и алкохолот можат да предизвикаат оштетување на црниот дроб.
- Парацетамолот, кога се зема заедно со нестероидни антиинфламаторни лекови кај пациенти со оштетувања на бубрезите може да ја зголеми бубрежната инсуфициенција.
- Трицикличните антидепресанти, МАО инхибиторите, кинитидин, амантадин, дизопирамид и бутирофенон може да ги зголемат антихоленгинеричните акции и може да предизвикаат ексцитација и силна треска
- Хиосцин бутилбромидот ја намалува моторната активност и секрецијата во гастричниот тракт и затоа може да ја намали апсорпцијата и фармаколошките ефекти на другите лекови кои истовремено се користат.
- Антагонистите на допамин на пр. метоклопрамид може да ги намалат ефектите на лекот на гастричниот тракт.

**3. *Како да се земаат Panadol Femina таблетите***

Возрасни и деца над 12 годишна возраст: 1 до 2 таблети, според индикации најмногу три пати дневно на секои осум часа.
Не смеат да се земаат повеќе од шест таблети дневно.

Максимална дневна доза парацетамол за возрасни при краткотраен третман е 4.0 г; а во тек на долготрајни третмнани е 2.6г

Парацетамол не треба да се користи без медицинска контрола подолго од десет дена кај возрасни и три дена кај деца.

Ако ефектите на Panadol Femina ви изгледаат преслаби или пресилни би требало да контактирате доктор.

***Доколку земете повеќе Panadol Femina одколку што би требало***

Почетни симптоми на предозирање со парацетамол, кои се појавуваат во текот на првите 24 часа се следните: анорексија, гадење, повраќање и стомачни болки. Следниот ден се јавува жолтица, пореметување на коагулацијата на крвта, хипогликемија (ниско ниво на шеќер во крвта), енцефалопатија (дегенеративни промени во мозокот), а може да дојде и до кома.
Следниве симптоми исто така можат да се појават: тахикардија, поспаност, вртоглавица, болки во стомакот, помодрување, промена во крвниот притисок, кожни промени.
Процедура во случај на предозирање:
Итно треба да се побара медицинска помош.
Ако пациентот е свесен може да биде индуцирано повраќање (препорачливо во текот на првиот час по земањето на дозата), може да се даде и активен јаглен во доза 60-100 г, најдобро помешан со вода.
Ако е земена единечна доза поголема од 8 таблети, треба да се побара медицинско мислење, иако не се појават наведените симптоми.

*Ако земете повеќе лек од тоа што би требало морате веднаш да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

***Ако заборавите да земете Panadol Femina***

Продолжете со терапијата, но не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.

**4. *Можни несакани ефекти***

Како и сите лекови и Panadol Femina таблетите можат да имаат несакани ефекти, но тие не се јавуваат кај секого:

Несаканите ефекти се многу ретки, ако лекот се зема во препорачаните дози. Следните несакани ефекти може да се појават:

- ксеростомија (сува уста),
- пореметувања на визуелната акомодација,
- дезориентираност, лошо паметење и вртоглавици,
- алергиски реакции: чешање, црвенило, осип,
- гастрични пореметувања: гадење, повраќање,
- оштетувања на црниот дроб и бубрезите,
- понекогаш може да дојде до метхемоглобинемија (присуство на оксигениран хемоглобин во крвта), агранулоцитоза (намалување на

бројот на белите крвни зрнца) и тромбоцитопенија (намалување на бројот на тромбоцитите во крвта).

Ако се појави чешање, црвенило, повраќање и надразнетост на желудникот третманот со Panadol Femina треба да се прекине и треба да се побара медицински совет.

*Некои пациенти може да почувствуваат и други несакани ефекти додеказемаат Panadol Femina. Ако забележите несакан ефект кој не е спомнат во ова упатство, веднаш информирајте го Вашиот лекар.*

***5. Како да се чуваат Panadol Femina таблетите***

*Држете ги надвор од дофат и видик на децата.*

*Не го користете Panadol Femina по истекот на датата наведена на пакувањето.*

- Чувајте на температура под 25°Ц
- Заштитено од светлина

**6. *Дополнителни информации***

За подетални информации треба да стапите во контакт со носителот на одобрение за ставање на лекот во промет

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава без лекарски рецепт.

**Решение број и датум**

15-2725/11 од 04.11.2011

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

Јануари 2011